Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 01-2175/1
12-04-2021 20
Скопје-Shkup

207

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и член 20 став 1 точки 37) и 38) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија", бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ КУРСЕВИ НА РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ВО ДРЖАВАТА И ВО СТРАНСТВО

## Член 1

Во Правилникот за организирање на меѓународни курсеви на Регионален центар за односи со јавноста во државата и во странство бр.10-2454/1 од 21.05.2020 година, во член 2 став 2 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и со користење на интернет платформи за онлајн обука".

## Член 2

Во член 4 став 2, по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:
„-организација на курсеви за обука на далечина со користење на интернет платформи за онлајн обука".

## Член 3

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

За изведување обука на далечина со користење на интернет платформи за онлајн обука, котизацијата за учество на странските учесници од НАТО и партнерските земји се уплатува согласно со Табела 5 од Анекс 1 кој е составен дел на овој правилник".

**Член 4**

Во членот 5 зборовите: „од членот 4“, се заменуваат со зборовите: „од членовите 4 и 4-а“.

**Член 5**

Во членот 6 зборовите: „од член 4“, се заменуваат со зборовите: „од членовите 4 и 4-а“.

**Член 6**

По членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

„Член 6-а

По исклучок, обуките на далечина со користење на интернет платформи за онлајн обука можат да се реализираат и без наплата на котизација, врз основа на образложен предлог на РЦОЈ, по одобрение на министерката/министерот.“

**Член 7**

Во глава III Ангажирање на експерти од областа, по насловот на главата, се додаваат зборовите: „член 8-а“.
Во членот 8-а став 2 по зборот „РЦОЈ,“ се додаваат зборовите: „како и за изведување на обука на далечина, со користење на платформи за онлајн курсеви.“

**Член 8**

Во членот 9 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„При ангажирање на странски експерти од областа за изведување обука на далечина се исплатува само паричен надоместок (хонорар) за ангажманот по предавање, согласно Табела 2, од Анекс 1“.

**Член 9**

Во членот 10 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„При ангажирање на домашни експерти од областа за изведување обука на далечина се исплатува само паричен надоместок (хонорар) за ангажманот по предавање, согласно Табела 2 од Анекс 1“.

Ставот 3, станува став 4.

## Член 10

Во Анекс 1 по Табела 4 се додава нова Табела 5, која гласи:

ТАБЕЛА 5
Цена за реализација на онлајн курсеви

| рб | Курс | Ниво на сертифициран курс | Број на учесници | Цена по учесник-неделно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународни курсеви на РЦОЈ ажурирани на ePrime | NATO Listed | 20 | 100.00 |
| | | NATO Selected | | 120.00 |
| | | NATO Approved | | 160.00 |

Цените од Табела 5, се изразени во евра.

## Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.____________

__________2021 година

Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска